

# Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец мај 2026

Датум: 05.06.2026
Сектор Инвестиции

SAVA PENZISKO

Содржина


1. Фершпед АД Скопје ........ 3
2. Витаминка АД Прилеп ........ 7
3. Прилепска пиварница АД Прилеп ........ 13
4. УНИ Банка АД Скопје ........ 17
**5.** Македонски Телеком АД Скопје ........ 22

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец мај 2026 година, се одржаа акционерски собранија на: **Фершпед АД Скопје, Витаминка АД Прилеп, Прилепска пиварница АД Прилеп, УНИ Банка АД Скопје и Македонски Телеком АД Скопје,** компании во кои ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус поседуваат акции и согласно Правилникот Друштвото имаат обврска за присуство и известување.

# 1. Фершпед АД Скопје

## 1.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. Фершпед АД Скопје**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Фершпед АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **3,186%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,033%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 27.05.2026 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>Избор на Претседавач со Собранието<br>Записничар (записникот го води Нотар)<br>Избор на бројачи на гласови<br>Усвојување на дневен ред<br><br>**Работен Дел**<br>1. Разгледување и одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи за 2025 година ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работењето на ФЕРШПЕД АД Скопје за 2025 година.<br>- Предлог одлуки | |

| | |
|---|---|
| | 2. Донесување одлука за распределба на добивката по годишната сметка за деловната 2025 година.<br>- Предлог одлука<br>3. Донесување на одлука за исплата на дивиденда со дивиденден календар.<br>- Предлог одлука<br>4. Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одбор на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2025 година.<br>- Предлог одлука<br>5. Разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за 2025 година.<br>- Предлог одлука.<br>6. Разгледување и одобрување на Консолидираната годишна сметка и Консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2025 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на групата ФЕРШПЕД за 2025 година.<br>- Предлог одлука<br>7. Донесување на одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото, за 2025 година.<br>- Предлог одлука.<br>8. Донесување одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје, и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2026 година.<br>- Предлог одлука. |
| *Претставник на Собранието* | Игор Радовски |

## II. Фершпед АД Скопје

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Фершпед АД Скопје се одржа на 27.05.2026 година со почеток во 12 часот во просториите на Хотел "Александар Палас" на бул. 8-ми Септември бр. 15 во Скопје.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Фершпед АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

Избор на Претседавач со Собранието
Записничар (записникот го води Нотар)
Избор на бројачи на гласови
Усвојување на дневен ред

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Разгледување и одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи за 2025 година ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работењето на ФЕРШПЕД АД Скопје за 2025 година.
   - Одлука за одобрување на Годишната сметка за 2025 година

     **Претставникот гласаше ЗА**

   - Одлука за одобрување на финансиските извештаи за 2025 година ревидирани од овластен ревизор

     **Претставникот гласаше ЗА**

   - Одлука за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Фершпед АД Скопје за деловната 2025 година

     **Претставникот гласаше ЗА**

2. Донесување одлука за распределба на добивката по годишната сметка за деловната 2025 година – Предлог одлука.

   **Претставникот гласаше ЗА**

3. Донесување на одлука за исплата на дивиденда со дивиденден календар – Предлог одлука.

   **Претставникот гласаше ЗА**

4. Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одбор на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2025 година – Предлог одлука.

**Претставникот гласаше ЗА**

5. Разгледување и одобрување на Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за 2025 година – Предлог одлука.

**Претставникот гласаше ЗА**

6. Разгледување и одобрување на Консолидираната годишна сметка и Консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2025 година, ревидирани од овластен ревизор со Мислење и Годишниот извештај за работењето на групата ФЕРШПЕД за 2025 година – Предлог одлука.

**Претставникот гласаше ЗА**

7. Донесување на одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2025 година -Предлог одлука.

**Претставникот гласаше ЗА**

8. Донесување одлука за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје, и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2026 година – Предлог одлука

**Претставникот гласаше ЗА**

## 1.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Фершпед АД Скопје

На акционерското собрание, преку коресподенција, лично или преку полномошници, беа претставувани акционери кои поседуваат 78,15% од акциите со право на глас.

По низа години во кои ревизорските извештаи содржеа мислење со резерва, констатиравме дека за тековната година е издадено ревизорско мислење без резерва. Ова претставува показател за унапредувањето на финансиското известување, интерните контроли и целокупното корпоративно управување на компанијата. Имајќи го предвид овој позитивен исчекор и довербата што ја потврдува независниот ревизор, гласавме позитивно за сите точки од дневниот ред кои се однесуваат на усвојувањето на финансиските извештаи и предложените одлуки на акционерското собрание.

По точките од работниот дел од Дневниот ред акционерите позитивно гласаа за Годишната сметка, ревидираните Финансиски извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото. Акционерите ја усвоија и предлог одлуката за распределба на добивката, и одлуката за исплата на дивиденда, со која се предвидува исплата на бруто дивиденда од 920 денари по акција. За Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одбор на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за 2025 година, Годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија, како и консолидираните ревидирани финансиски извештаи и годишна сметка, и одобрувањето на работата на членовите на Одбор на директори, акционерите позитивно се изјаснија. За овластен ревизор за вршење на ревизија за 2026 година беше предложено и изгласано Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје.

Сите точки од Дневниот ред беа усвоени едногласно од страна на сите акционери претставувани на акционерското собрание.

По изгласување и на последната точка од Дневниот ред Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерско собрание на Фершпед АД Скопје за затворено.

## 2. Витаминка АД Прилеп

### 2.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Сава пензиско друштво АД Скопје има обврска за задолжително присуство.

**I. Витаминка АД Прилеп**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Витаминка АД Прилеп** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **3,63%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,04%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 27.05.2026 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **1.1. Процедурален дел**:<br>1. Утврдување кворум за работа<br>2. Избор на бројачи на гласови<br>3. Избор на претседавач<br>4. Избор на записничар и заверувачи на записник (записникот го води нотар).<br>**2.2. Работен дел:**<br>1. Разгледување и усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2025 год<br>▪ Извештај на неизвршните членови на О.Д. за резултати од извршената контрола. | |

- Предлог- Одлука за усвојување на годишната сметка за 2025 година.
- Предлог- Одлука за усвојување на финансиските извештаи за 2025 година.

2. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари- декември 2025 година
    - Годишен извештај за работата на П.И. Витаминка АД Прилеп во периодот јануари- декември 2025 година.
    - Предлог- Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари- декември 2025 година.
3. Разгледување и усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2025 година
    - Предлог- Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2025 година
4. Разгледување и усвојување на ревизорските извештаи за 2025 година.
    - Предлог- Одлука за усвојување на ревизорските извештаи за 2025 година.
5. Донесување одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото за 2025 година
    - Предлог- Одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото за 2025 година
6. Донесување одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото во 2025 година
    - Предлог- Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори на Друштвото во 2025 година

| | |
|---|---|
| | 7. Разгледување на годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2025 година<br>- Предлог- Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2025 година<br>8. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2026 година<br>- Предлог- одлука за избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2026 година<br>9. Донесување одлука за отповикување на членовите на Одборот на директори на П.И. Витаминка А.Д. Прилеп.<br>- - Предлог - Одлука за отповикување на членовите на Одборот на директори на П.И. Витаминка А.Д. Прилеп.<br>10. Донесување одлука за избор на членови на Одборот на директори на П.И. Витаминка А.Д. Прилеп.<br>- Предлог - Одлука за избор на членови на Одборот на директори на П.И. Витаминка А.Д. Прилеп.<br>11. Донесување одлука за стекнување сопствени акции со откуп<br>- Прелог- Одлука за стекнување сопствени акции со откуп.<br>12. Донесување на одлука за отуѓување сопствени акции.<br>- Предлог- Одлука за отуѓување сопствени акции .<br>13. Донесување одлука за изменување на Статутот на Друштвото.<br>- Предлог – Одлука за изменување на Статутот на Друштвото. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

II. Витаминка АД Прилеп

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Витаминка АД Прилеп се одржа на 27.05.2026 година со почеток во 12:00 часот во новата работничка менза на Друштвото, на ул. „Леце Котески“ бр. 23, Прилеп.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Витаминка АД Прилеп гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Утврдување кворум за работа
2. Избор на бројачи на гласови
3. Избор на претседавач
4. Избор на записничар и заверувачи на записник (записникот го води нотар)

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Разгледување и усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2025 година
   - Извештај на неизвршните членови на О.Д. за резултати од извршената контрола.
   - Предлог- Одлука за усвојување на годишната сметка за 2025 година.
   - Предлог- Одлука за усвојување на финансиските извештаи за 2025 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Разгледување и усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари- декември 2025 година
   - Годишен извештај за работата на П.И. Витаминка АД Прилеп во периодот јануари-декември 2025 година.
   - Предлог- Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари- декември 2025 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

3. Разгледување и усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2025 година.
   - Предлог- Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка и консолидирани финансиски извештаи на Друштвото за 2025 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Разгледување и усвојување на ревизорските извештаи за 2025 година.
   - Предлог- одлука за усвојување на ревизорските извештаи за 2025 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

5. Донесување одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото за 2025 година.
   - Предлог- Одлука за употреба на чистата добивка на Друштвото за 2025 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

6. Донесување одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото во 2025 година.
   - Предлог- Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на Директори на Друштвото во 2025 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

7. Разгледување на годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2025 година.
   - Предлог- Одлука за усвојување на годишниот извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија во 2025 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

8. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2026 година.
   - Предлог- Одлука за избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2026 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

9. Донесување одлука за отповикување на членовите на Одборот на директори на П.И. Витаминка А.Д. Прилеп.
   - Предлог - Одлука за отповикување на членовите на Одборот на директори на П.И. Витаминка А.Д. Прилеп.

**Претставникот гласаше ЗА**

10. Донесување одлука за избор на членови на Одборот на директори на П.И. Витаминка А.Д. Прилеп.
    - Предлог - Одлука за избор на членови на Одборот на директори на П.И. Витаминка А.Д. Прилеп.

**Претставникот гласаше ЗА**

11. Донесување одлука за стекнување сопствени акции со откуп
    - Предлог- Одлука за стекнување сопствени акции со откуп

**Претставникот гласаше ЗА**

12. Донесување на одлука за отуѓување сопствени акции.

    - Предлог- Одлука за отуѓување сопствени акции

**Претставникот гласаше ЗА**

13. Донесување одлука за изменување на Статутот на Друштвото.

- Предлог – Одлука за изменување на Статутот на Друштвото

**Претставникот гласаше ЗА**

## 2.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Витаминка АД Прилеп

На Годишното акционерско собрание на П.И. Витаминка АД Прилеп се констатира дека на седницата на ова собрание се присутни акционери со право на глас 65,69% од вкупниот број на акции, со што се исполнети условите за одржување на Собранието.

Откако се утврди дека се исполнети условите за работа се премина кон гласање по точките од Процедуралниот дел. Изборот на бројачи на гласови, како и изборот на претседавач беше поддржан од присутните акционери. По усвојување на Процедуралниот дел акционерите преминаа кон гласање по точките од Работниот дел.

По првата точка од работниот дел за збор се јави Претседателот на Одборот на директори, при што даде подетално образложение за работењето на Витаминка, за предизвиците со кои се соочувале, како и за актуелните процеси што се во тек. Откако се исцрпи дискусијата се премина на гласање. Акционерите позитивно гласаа за Одлуката за усвојување на годишниот извештај за работата на Друштвото во периодот јануари- декември 2025 година, Извештајот на членовите на Одборот на директори, работата на Одборот на директори, Годишната сметка и Финансиските извештаи, како и извештајот за работата на Службата за внатрешна ревизија. За добивката остварена во 2025 година акционерите гласаа да се распредели за инвестиции, односно немаше предлог за исплата на дивиденда.

Акционерите позитивно си изјаснија и по Предлог - одлуката за отповикување и Предлог одлуката за избор на нови членови на Одборот на директори. На постојните членови им истекува 4 годишниот мандат (избрани во 2022 година), поради што се носи Одлука за отповикување и Одлука за избор на нови. За изборот на нови членови е формирана комисија и е направена оценка на предложените кандидати.

За членови на Одборот на директори на П.И. Витаминка А.Д. Прилеп едногласно беа избрани:

1. Симон Наумоски, неизвршен член, дипломиран инженер технолог;
2. Сашо Наумоски, член, магистер на економски науки;
3. Наташа Стојковска, неизвршен член, дипломиран економист;
4. Филип Николовски, неизвршен член, дипломиран економист;
5. Дејан Маслинко, неизвршен член, дипломиран економист.

За независни членови на Одборот на директори кои воедно се и неизвршни членови се избраа: Филип Николовски и Дејан Маслинко.

На собранието акционерите позитивно гласаа и за предлог Одлука за откуп на сопствени акции, и предлог Одлука за отуѓување на сопствени акции. Во одлуката за откуп на акции е дефинирана минимална цена од 10.000 денари по акција, а максималната е 14.000 денари по акција. Заклучно со 31.12.2025 година Витаминка поседува 2.785 сопствени акции, или 3,75% од акционерскиот капитал на Друштвото.

Акционерите позитивно гласаат и за предлог измената на Статутот, а измената се состои во називот на Помошник оперативен директор, т.е. се менува Помошник“ со зборот: „Главен“. Во 2025 година беше воведена нова функција – Помошник оперативен директор, со пошироки

менаџерски овластувања во делот на оперативното водење на работите во друштвото, па во таа насока е и предложената промена на Статутот.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА по сите токи од Дневниот ред. Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени од присутните акционери на собранието.

Со усвојувањето и на последната точка од дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерското собрание за затворено.

# 3. Прилепска пиварница АД Прилеп

## 3.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус, за кои Друштво има обврска за задолжително присуство.

**I. Прилепска пиварница АД Прилеп**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Прилепска пиварница АД Прилеп** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **12,19%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,20%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 27.05.2026 година. | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>- Отворање на Седницата на Собранието<br>- Избор на Претседавач на Собранието<br>- Избор на записничар, двајца заверувачи на записникот и бројачи на гласови<br><br>**Работен дел:**<br>1. Разгледување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2025 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп од Ревизорската куќа Пелагониска | |

| | |
|---|---|
| | ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп (ПЕРК).<br>- Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2025 година .<br>2. Разгледување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2025 година.<br>- Предлог - Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2025 година.<br>3. Разгледување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година.<br>- Предлог - Одлука за усвојување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година.<br>4. Разгледување на Извештајот од Надзорниот одбор за работењето во 2025 година.<br>- Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор за работењето во 2025 година.<br>5. Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2025 година.<br>- Предлог - Одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД Прилеп.<br>6. Предлог - Одлука за распределба на остварената добивка на Прилепска пиварница АД Прилеп за 2025 година.<br>7. Предлог - Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД Прилеп на |

| | |
|---|---|
| | членовите на Управниот одбор во 2025 година.<br>8. Предлог - Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД Прилеп на членовите на Надзорниот одбор во 2025 година.<br>9. Предлог - Одлука за стекнување сопствени акции со откуп.<br>10. Предлог - Одлука за избор на Овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2026 година. |
| *Претставници на Собранието* | Тони Стевановски |

**II. Прилепска пиварница АД Прилеп**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Прилепска пиварница АД Прилеп се одржа на 27.05.2026 година со почеток во 12:00 часот во ресторанот во седиштето на Друштвото ул. „Цане Кузманоски“ бр. 1, Прилеп.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Прилепска пиварница АД Прилеп гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

- Отворање на Седницата на Собранието
- Избор на Претседавач на Собранието
- Избор на записничар, двајца заверувачи на записникот и бројачи на гласови

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Разгледување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2025 година на Прилепска пиварница А.Д. Прилеп од Ревизорската куќа Пелагониска ревизорска куќа ДООЕЛ Прилеп (ПЕРК).
   - Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот од ревизијата на финансиските извештаи за 2025 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Разгледување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2025 година.
   - Предлог - Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2025 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

3. Разгледување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година.
   - Предлог - Одлука за усвојување на Извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Разгледување на Извештајот од Надзорниот одбор за работењето во 2025 година.
   - Предлог - Одлука за усвојување на Извештајот на Надзорниот одбор за работењето во 2025 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

5. Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2025 година.
   - Предлог - Одлука за усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД Прилеп.

**Претставникот гласаше ЗА**

6. Предлог - Одлука за распределба на остварената добивка на Прилепска пиварница АД Прилеп за 2025 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

7. Предлог - Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД Прилеп на членовите на Управниот одбор во 2025 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

8. Предлог - Одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Прилепска пиварница АД Прилеп на членовите на Надзорниот одбор во 2025 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

9. Предлог - Одлука за стекнување сопствени акции со откуп.

**Претставникот гласаше ЗА**

10. Предлог - Одлука за избор на Овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Прилепска пиварница АД – Прилеп за 2026 година.

**Претставникот гласаше ЗА**

### 3.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Прилепска пиварница АД Прилеп

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Прилепска пиварница АД Прилеп, се пристапи кон изборот на Работните тела. На собранието присуствуваа акционери со учество од 87,86% од акционерскиот капитал. По изгласувањето на Процедуралниот дел акционерите преминаа кон гласање по точките од Работниот дел.

Во однос на работниот дела од Дневниот ред пред акционерите се обрати Претседателот на Управниот обор, при што во своето излагање се осврна на резултатите на компанијата, предизвиците со кои се соочуваат, инвестициите што досега се направени и оние што се во тек, и даде свој поглед за идниот раст и развој на Прилепска пиварница. По исцрпување на дискусијата се премина кон гласање по точките од работниот дел од Дневниот ред.

На собранието акционерите позитивно гласаа за: Годишниот извештај, Извештајот на Надзорниот одбор, Ревидираните финансиски извештаи, Годишната сметка и финансиските извештаи, Извештајот на Службата за внатрешна ревизија. Акционерите го одобрија и работењето на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор и го избраа ревизорот за ревизија на финансиските извештаи за 2026 година.

За нето добивката остварена во 2025 година се изгласа да биде распределена за инвестиции, односно немаше предлог одлука за исплата на дивиденда. На собранието акционерите позитивно гласаа и за предлог одлука за откуп на сопствени акции со најниска куповна цена од 7.711 денари и највисока куповна цена од 74.877 денари.

Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА по сите точки од Дневниот ред. Сите точки од Дневниот ред беа едногласно усвоени од присутните акционери на собранието.

Со усвојувањето и на последната точка од дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерското собрание за затворено.

## 4. УНИ Банка АД Скопје

### 4.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, за кои Друштвото има обврска за задолжително присуство.

**I. УНИ Банка АД Скопје**

| *Име на акционерското Друштво* | **УНИБанка АД Скопје** | |
|---|---|---|
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **4,92%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,21%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |

| | |
|---|---|
| *Датум на одржување на Собранието* | 19.05.2026 година |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>1. Отворање на Собранието<br>2. Избор на работни тела на Собранието<br>- избор на Претседавач на Собранието;<br>- избор на бројач на гласови;<br>- избор на записничар<br><br>**Работен Дел**<br>1. Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорен одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот со писмено мислење;<br>2. Разгледување на Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка за 2025 година, со предлог Одлука за усвојување на извештајот;<br>3. Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за период 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, со Предлог Одлука за усвојување;<br>4. Разгледување на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година од Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и писмено мислење од Надзорниот одбор, со Предлог Одлука за усвојување на извештајот и писменото мислење;<br>5. Предлог Одлука за распоредување на добивка за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година;<br>6. Предлог Одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2025 година (дивиденден календар);<br>7. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Втора емисија перпетуална обврзница;<br>8. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Трета емисија перпетуална обврзница;<br>9. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Четврта емисија перпетуална обврзница;<br>10. Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на |

| | |
|---|---|
| | Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2026 година;<br>11. Предлог Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и<br>12. Предлог Одлука за исплата на наградa на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.<br>13. Разно |
| *Претставници на Собранието* | Горјан Анастасов |

**II. УНИ Банка АД Скопје**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на УНИ Банка АД Скопје, се одржа на 19.05.2026 година со почеток во 11 часот во просториите на Банката на ул. Максим Горки бр.6, Скопје.
Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје, во име и за сметка на задолжителниот и доброволниот пензиски фонд, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на УНИ Банка АД Скопје гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел:**

1. Отворање на Собранието
2. Избор на работни тела на Собранието
   - избор на Претседавач на Собранието;
   - избор на бројач на гласови;
   - избор на записничар

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел:**

1. Разгледување на Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година, со писмено мислење по истиот од страна на Надзорен одбор и Предлог Одлука за усвојување на извештајот со писмено мислење;

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Разгледување на Извештај за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка во 2025 година, со Предлог Одлука за одобрување на извештајот;

**Претставникот гласаше ЗА**

3. Разгледување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за период 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, со Предлог Одлука за усвојување;

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Разгледување на Извештај од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2025 година од Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и писмено мислење од Надзорниот одбор, со Предлог Одлука за усвојување на извештајот и писменото мислење;

**Претставникот гласаше ЗА**

5. Предлог Одлука за употреба и распоредување на добивка за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година;

**Претставникот гласаше Воздржано**

6. Предлог Одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2025 година (дивиденден календар);

**Претставникот гласаше ЗА**

7. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Втора емисија перпетуална обврзница;

**Претставникот гласаше ЗА**

8. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Трета емисија перпетуална обврзница;

**Претставникот гласаше ЗА**

9. Предлог Одлука за исплата на камата на имателите на Четврта емисија перпетуална обврзница;

**Претставникот гласаше ЗА**

10. Предлог Одлука за именување на Друштво за ревизија, кое ќе врши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2026 година;

**Претставникот гласаше ЗА**

11. Предлог Одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје;

**Претставникот гласаше ЗА**

12. Предлог Одлука за исплата на награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје.

**Претставникот гласаше ЗА**

## 4.2. Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на УНИ Банка АД Скопје

На годишното акционерско собрание лично, преку овластен полномошник или преку коресподенција учествуваа акционери кои поседуваа 79,28% од акциите со право на глас. Откако беше констатирано дека се исполнети условите за работа на собранието и се избраа работните тела од Процедуралниот дел се премина на работниот дел од Дневниот ред.

Во Работниот дел од Дневниот ред акционерите позитивно гласаа за Годишниот извештај за работењето на УНИ Банка АД Скопје, за Извештајот за работењето на Надзорниот одбор, за Годишната сметка и Финансиските извештаи, како и за Ревизорските извештаи од Друштвото за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ.

По однос на точката 5 од Дневниот ред за збор се јавија полномошниците на мнозинскиот акционер на УНИ Банка АД Скопје, и предложија измена на „Одлуката за употреба и распоредување на добивка за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година", т.е. предложија зборот Дивиденда да се замени со зборот акумулирана добивка расположлива за понатамошна распределба на акционерите. За збор се јави и акционерот Благоја Митров и праша дали ова би значело дека остатокот од добивката ќе се користи за капитална адекватност на Банката, и можност за раст на деловната активност. За збор се јави Иван Дебарлиев - полномошникот на еден од мнозинските акционери, и истакна дека негово мислење е дека е направена соодветна проценка од менаџментот на Банката, со што ваквата предложена измена е во интерес на растот и развој на Банката а со тоа и во интерес на акционерите.
Откако се исцрпи дискусијата одлуката со предложените измени беше ставена на гласање, а мнозинството од присутните акционерите ја усвои Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка за период од 01.01.2025 до 31.12.2025, со која се предлага 50 милиони денари да се распределат во реинвестирана добивка, 22 милиони денари за исплата на камати на перпетуални обврзници, 211,3 милиони денари за акумулирана добивка расположлива за понатамошна распределба на акционерите и 209,2 милиони денари како останати резерви.

За оваа точка од Дневниот ред ЗА гласаа 401.766 обични акции со право на глас (92,8% од присутните акционери на собранието), 31.107 акции Воздржано (7,18% од присутните акционери на собранието), и ниту еден против. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше Воздржано.

Во поглед на точката 6 од Дневниот ред, односно „Одлука за определување на износот на дивидендата и датуми на исплата на дивиденда за 2025 година (дивиденден календар)", беше констатирано дека со усвојување на предложената измена на Одлуката за употреба и распоредување на добивката, оваа Одлука е без предметна за да се гласа. Сепак, Претседавачот на акционерското собранието ја стави предметната одлука на гласање, и по неа ЗА гласаа 26.862 акции со право на глас, 398.589 акции Против, и 7.422 Воздржано. Беше констатирано дека одлуката не е усвоена. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА.

Акционерите дадоа согласност за точките 7,8 и 9 од Дневниот ред, односно се одобри исплата на камата на имателите од втората, третата и четвртата емисија на перпетуалната обврзница. На собранието се именуваше Друштво за ревизија на извештаите за 2026 година, и се усвои Одлуката за исплата на награда на членовите на Надзорниот Одбор.

Сава пензиско друштво АД Скопје, гласаше ЗА по сите точки од Дневниот ред, освен за предлогот за пренамена на предложениот износ на дивиденда во акумулирана добивка расположлива за понатамошна распределба на акционерите, каде претставникот гласаше ВОЗДРЖАНО. Сите точки од Дневниот ред беа усвоени од страна на акционерите претставувани на ова акционерско собрание.

Откако се усвои и последната точка од Дневниот ред, Претседателот на собранието го прогласи годишното акционерско собрание за затворено.

# 5. Македонски Телеком АД Скопје

## 5.1. Општ дел

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд и ОДПФ Сава пензија плус.

### I. Македонски Телеком АД Скопје

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Македонски Телеком АД Скопје** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **0,96%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,51%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 27.05.2026 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**:<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Избор на Претседавач;<br>3. Избор на бројачи на гласови; и<br>4. Избор на Записничар.<br><br>**Работен дел:**<br><br>1. Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2025 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија";<br>2. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2025 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија"; | |

| | |
|---|---|
| | 3. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2025 година во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување;<br>4. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2025 година;<br>5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2025 година;<br>6. Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2025 година и утврдување на дивиденден календар;<br>7. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2025 година;<br>8. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Интерна ревизија и управување со ризици Hub на Друштвото за 2025 година;<br>9. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2026 година; и<br>10. Предлог Одлука за отповикување и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото.<br>11. Предлог Одлука за определување на нов месечен надоместок на Претседателот на Одборот на директори на Друштвото. |
| *Претставници на Собранието* | Горјан Анастасов |

## II. Македонски Телеком АД Скопје

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје се одржа на 27.05.2026 година со почеток во 11:00 часот во седиштето на Друштвото на Кеј 13-ти Ноември бр. 6 во Скопје. Сава пензиско друштво АД Скопје, преку полномошник, по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на Претседавач;
3. Избор на бројачи на гласови; и
4. Избор на Записничар.

**Претставникот гласаше ЗА по предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Предлог Одлука за усвојување на Годишната сметка на Друштвото за 2025 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија"

**Претставникот гласаше ЗА**

2. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2025 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија"

**Претставникот гласаше ЗА**

3. Предлог Одлука за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за 2025 година во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување

**Претставникот гласаше ЗА**

4. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2025 година;

**Претставникот гласаше ЗА**

5. Предлог Одлука за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2025 година;

**Претставникот гласаше ЗА**

6. Предлог Одлука за исплата на дивиденда на Друштвото за 2025 година и утврдување на дивиденден календар;

**Претставникот гласаше ЗА**

7. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2025 година;

**Претставникот гласаше ЗА**

8. Предлог Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Интерна ревизија и управување со ризици Hub на Друштвото за 2025 година;

**Претставникот гласаше ЗА**

9. Предлог Одлука за избор на овластен Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2026 година;

**Претставникот гласаше ЗА**

10. Предлог Одлука за отповикување и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото.

**Претставникот гласаше ЗА**

## 5.2. Кратка содржина на одлуките од собранието на акционери Македонски Телеком АД Скопје:

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Македонски Телеком АД Скопје, се пристапи кон избор на Работни тела. На годишното акционерско собрание лично, преку овластен полномошник или преку коресподенција учествуваа акционери кои поседуваа 96,55% од акциите со право на глас. По гласањето за Процедуралниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

На самиот почеток, мнозинскиот акционер АД Каменимост Комуникации предложи повлекување на точка 11, со која беше предвидено зголемување на месечниот надоместок на Претседателот на Одборот на директори на Друштвото, по што предлогот беше ставен на гласање и истиот беше усвоен едногласно од страна на присутните акционери.

По точките од работниот дел од Дневниот ред акционерите позитивно гласаа за Годишната сметка, ревидираните Финансиски извештаи, Годишниот извештај за работењето на Друштвото, Одлуката за распоредување на нето добивката за 2025 година, Годишниот извештај за работењето на Интерната ревизија и управување со ризици Hub на Друштвото за 2025 година. Акционерите го избраа и овластениот Ревизор за ревизија на Финансиските извештаи на Друштвото за 2026 година, и ја усвоија предлог Одлуката за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар, односно се изгласа бруто дивиденда во износ од 28,9 денари по акција.

По однос на Одлуката за одобрување на работата на членовите на Одборот на директори на Друштвото за 2025 година, присутните акционери на собранието едногласно гласаа ЗА. Како последна точка од работниот дел, со 100% од присутните акционери на собранието се изгласа и Одлуката за отповикување и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото. Претставникот на Сава пензиско друштво АД Скопје гласаше ЗА по точките од Дневниот ред.

Откако беа изгласани сите точки од Дневниот ред, Претседателот на собранието, го прогласи годишното акционерско собрание за завршено.